СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 24 јули 1987
Скопје
Број 31 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 200 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

594.

Врз основа на член 3 од Законот за начинот на користење на вишоците на приходите на Републиката, општините и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности издвоени на посебна сметка („Службен весник на СРМ“ бр. 29/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСТАТОКОТ ОД СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО РЕПУБЛИЧКО ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА СТОКИ ВО 1986 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се врши распределување на остатокот од средствата наменети за дополнително републичко поттикнување на извозот на стоки од СР Македонија во 1986 година во вкупен износ од 372.153.686 динари.

2. Средствата од точка 1 се распределуваат:

— на Самоуправната интересна заедница на Македонија за туристичка пропаганда за реализирање на предвидената туристичка пропаганда спрема странство во износ од 20 000 000 динари,

— за одобрување на краткорочни заеми за поддржување на извозни аранжмани од посебен интерес за Републиката согласно условите утврдени со одлука на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесена врз основа на член 11, став 2 од Одлуката за кредитната политика на Републиката во 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 11/86) во износ од 259.103.531 динари,

— враќање на повеќе или погрешно уплатени средства на организациите на здружен труд во износ од 93.050.155 динари.

Распределбата на средствата од став 1 на оваа точка по поодделни корисници ќе ја изврши Службата на општественото книговодство на СР Македонија — Централа Скопје.

3. Републичкиот комитет за економски односи со странство ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 23-1512/1
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

595.

Врз основа на член 84, став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), а во врска со член 132, став 4 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“ бр. 66/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на Републиката и на општините за 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/87), во член 1, став 1, точка 1, износот „8.078.612.800“ се заменува со износот „8.081.612.800“, во точка 2 износот „627.451.600“ се заменува со износот „554.451.600“ и во точка 3 износот „551.735.600“ се заменува со износот „621.735.600“.

Член 2

Во член 2 се вршат следниве измени и тоа:

— во точка 5 износот „1.280.000.000“ — стоковни плаќања се заменува со износот „1.020.000.000“, а износот „1.300.000.000“ Вкупно динари, се заменува со износот „1.040.000.000“;

— во точка 20, износот „7.000.000“ — стоковни плаќања се заменува со износот „10.000.000“, а износот „13.000.000“ — нестоковни плаќања се заменува со износот „10.000 000“;

— во точка 25 се додава износот „260.000.000“ — стоковни плаќања, износот „130.000.000“ — нестоковни плаќања се заменува со износот „60.000.000“ и износот „130.000.000“ — Вкупно динари се заменува со износот „320.000.000“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1490/1
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

596.

Врз основа на член 61 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“, бр. 6/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ НА „ДЕТСКА НЕДЕЛА“ ВО ВРЕМЕТО ОД 1 ДО 7. X. 1987 ГОДИНА

I

Висината на придонесот на „Детска недела“ што ќе се наплатува во времето од 1 до 7. X. 1987 година изнесува:

1. На секој продаден влезен билет за театар, кино, уметничка изложба и други културни манифестации, ако вредноста на влезниот билет изнесува:

— до 200 динари	20,00 динари
— над 200 динари	30,00 динари

2. На секоја поштенска пратка во внатрешниот сообраќај, освен на печатени работи — 8 динари;

3. На секој продаден возен билет во железничкиот, автобускиот (меѓународниот и меѓуградскиот) и авионскиот сообраќај, ако вредноста на возниот билет изнесува:

— до 300 динари	20,00 динари
— над 300 динари	40,00 динари

4. На секој влезен билет за спортски натпревари и други спортски приредби, ако вредноста на влезниот билет изнесува:

— до 800 динари	30,00 динари
— над 800 динари	50,00 динари

II

Придонесот на „Детска недела“ се плаќа во маркици кои за таа намена ги издава Сојузот на организациите на социјалистичко воспитување на децата на Македонија.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1488/1
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

597.

Врз основа на член 12 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 45/86), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНИТЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. На Работната организација „Просветно дело“ — Скопје ѝ се одобрува компензација на цената на учебниците за основното образование во 1987 година, во износ од 60.000.000 динари.

2. Компензацијата од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати од Републичкиот буџет за 1987 година, Раздел 62, позиција 540.

3. Републичкиот секретаријат за финансии ќе ја спроведе оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1558/1
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

598.

Врз основа на член 18 од Законот за основање и работа на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 9/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА ТРОШОЦИТЕ НА ВЕШТАЧЕЊАТА ШТО ГИ ВРШИ РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ И СООБРАЌАЈОТ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на трошоците за вештачењата што ги врши Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот (во натамошниот текст: Заводот).

Член 2

Трошоците за вештачењето односно повторното вештачење (супервештачење) ги опфаќа:

1. времето поминато за вештачење односно повторно вештачење од неговото започнување до завршувањето;

2. надоместокот за издатоците за потрошениот материјал и другите фактички издатоци што ги имал Заводот во врска со вештачењето, исплатениот надоместок на државни органи, организации и заедници како и надоместокот за други направени издатоци;

3. извршените услуги што ги дава Заводот преку своите стручни лица заради разјаснување на одделни технички или стручни прашања согласно со член 160, став 9 од Законот за кривичната постапка и член 92, став 7 од Законот за стопански престапи;

4. надоместокот за личен доход на вештите лица за времето поминато на претрес односно расправа поради јавување на покани во својство на вешто лице како и надоместокот за патни и дневни трошоци за службено патување, сврзани со извршувањето на вештачењето односно повторното вештачење.

Член 3

Висината на трошоците од член 2 на оваа одлука изнесуваат:

1. за вештачење 1.400 динари од час, а за повторно вештачење 2.000 динари од час;

2. фактурираниот износ од државните органи, организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници од кои Заводот користел услуги во врска со вештачењето односно повторното вештачење;

3. за извршените услуги од член 2, точка 3 од оваа одлука 1.100 динари од час;

4. стварниот надоместок на личниот доход во бруто износ за времето што вештото лице го минало на претрес односно расправа и за навистина потрошеното време кога вештачењето не е извршено по вина на учесниците во постапката, како и надоместокот за патни и дневни трошоци за службено патување.

Член 4

Со општ акт на Заводот се утврдува висината на трошоците за вештачењата што ги вршат надворешните соработници — вешти лица.

Висината на надоместокот на надворешниот соработник вешто лице не може да биде повисока од трошоците определени со оваа одлука.

По исклучок во случаи кога се бара ангажирање на надворешни соработници вешти лица за решавање на сложени предмети, надоместокот ќе се определува по договор.

Член 5

Во судската и управната постапка, освен во кривичната постапка, вештачењето односно повторното вештачење ќе се изврши откако барателот ќе му достави на Заводот доказ дека странката што предложила изведување на доказ вештачење однапред внела износ потребен за надоместок на трошоците што би настанале по повод изведувањето на вештачењето односно повторното вештачење.

Член 6

Барателите на вештачењата се должни да му ги надоместуваат трошоците за вештачењето на Заводот во законски рок, освен окружните судови кои ќе ги надоместуваат трошоците за судските вештачења по кривични предмети што се водат по службена должност.

Член 7

Барателите на вештачењето трошоците за извршеното вештачење ги уплатуваат на посебна сметка на Заводот.

Член 8

Висината на трошоците на услугите, барање за вршење процена на имот, анализи, експертизи и друго што ги врши Заводот за организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства ќе се определува според посебен договор.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за трошоците на вештачењата што ги врши Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81 и 23/86).

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1484/1
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

599.

Врз основа на член 19 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 28/87) и член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“, бр. 10/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОМЕСТУВАЊЕ НА ТАРИФИТЕ ВО ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ ВО ЈАВНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ

1. Се дава согласност на Одлуката за поместување на тарифите во превозот на патници во јавниот патен сообраќај, бр. 08-1633 од 30. 06. 1987 година на Деловната заедница на патниот сообраќај „Македонија сообраќај“ — Скопје со која постојните тарифи на превозот на патниците во јавниот патен сообраќај се зголемуваат за 20%.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за поместување на тарифите на превозот на патници во јавниот патен сообраќај („Службен весник на СРМ“, бр. 20/87).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1468/1
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

600.

Врз основа на член 39 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА ОБРАЗУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ИНФОРМАЦИОНО-ДОКУМЕНТАЦИОНАТА ДЕЈНОСТ

I

Се образува Комисија за информационо-документационата дејност (во натамошниот текст: Комисија).

II

Комисијата има задача, согласно со утврдената концепција за развој на информациониот систем на Републиката, да разгледува одредени прашања и дава мислења и предлози поврзани со натамошниот развој на информационо-документационата дејност на единствени методолошки, организациони и техничко-технолошки основи, а посебно да:

— предлага решенија кои ќе овозможат рационализација во вршењето на оваа дејност и унапредување на работа на Собранието на СР Македонија, Претседателството на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, републичките органи на управата и републички организации во процесите на подготовка на седниците, евидентирањето и следењето на извршувањето на заклучоците, подготвувањето, средувањето, архивирањето и користењето на документацијата и информациите;

— организира изработка на проектни задачи и проекти за автоматизација на информационо-документационата дејност и дава мислења по истите;

— предлага стандарди за облиците, структурата и класификацијата на документацијата;

— предлага единствени техничко-технолошки постапки во обработката на документацијата, нејзиното микрофилмување, печатење, архивирање и чување;

— разработува и предлага постапка за меѓусебна размена и користење на документацијата и информациите;

— предлага динамика и приоритети во реализација на организациските, техничко-технолошките и кадровски решенија.

III

Комисијата дава предлози, сугестии и стручни мислења на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и на надлежните републички органи на управата и републичките управни организации за преземање конкретни мерки за решавање на поедини прашања од значење за развојот на информационо-документационата дејност.

IV

Комисијата ја сочинуваат претседател, заменик и седум членови што ги именува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за време од две години, со можност за повторно именување.

V

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1467/1
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

601.

Врз основа на член 12 од Законот за обезбедување средства на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“, број 7/86 и 45/86), републичкиот секретар за финансии донесува

У П А Т С Т В О

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ПО ОСНОВА НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Во Упатството за начинот на утврдување на основицата за пресметување на обврската по основа на средствата на Фондот на Федерацијата („Службен весник на СРМ“ бр. 17/86 и 23/87), во точка 4 зборовите: „периодичната пресметка за I полугодие“, се заменуваат со зборовите: „периодичните пресметки“.

2. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 11-858/1
9 јули 1987 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

602.

Врз основа на член 60, а во врска со членовите 58 и 59 од Законот за заштитата при работа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/87), претседателот на Републичкиот комитет за труд донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИСПИТУВАЊЕ И ПРЕГЛЕДИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТА

Пропишаните услови за вршење на испитување и прегледи по член 58 и 59 од Законот за заштитата при работа за потреби на други организации на здружен труд, ги исполнуваат следните организации:

1. Универзитет „Кирил и Методиј“ — ООЗТ Машински факултет — Скопје — Карпош II бб за:
— бучава,
— вибрации,
— дигалки,
— преси и макази на механизиран погон со рачно додавање.

2. Здравствен дом — Завод за медицина на трудот — Скопје ул. „II Македонска бригада“ бр. 43, за:
— хемиски штетности,
— осветленост.
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— вибрации,
— микроклима.

3. РО Рударски институт — Завод за заштита при работа, пожари и заштита на човековата околина — Скопје, булевар „Јане Сандански“ бр. 113, за:
— хемиски штетности,
— осветленост.
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— вибрација,
— микроклима,
— дигалки.

4. РО Институт за безбедност и заштита при работа „1 мај“ — Ниш, ул. „Октомвриска револуција“ бр. 1, за:
— хемиски штетности,
— осветленост.
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— вибрации,
— микроклима,
— дигалки,
— преси и макази на механизиран погон со рачно додавање.
— купатило со нитратни соли,
— развијачи на ацетилен и ацетиленски станици.

5. Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје — ООЗТ Институт за рударство и металургија — Скопје за:
— хемиски штетности,
— осветленост,
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— вибрација,
— микроклима,
— дигалки,
— преси и макази на механизиран погон со рачно додавање.

6. Републички завод за здравствена заштита — Скопје, ул. „50-та Дивизија“ бр. 6, за:
— хемиски и биолошки штетности,
— осветленост,
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— вибрации,
— микроклима.

7. Универзитет „Кирил и Методиј“ — ООЗТ Технолошко-металуршки факултет — Скопје, „Карпош II“ бб, за:
— хемиски штетности,
— осветленост,
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— микроклима,
— купатила со нитратни соли,
— развијачи на ацетилен и ацетиленски станици.

8. Ова решение да се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 11-1414
13 јули 1987 година
Скопје

Претседател на
Републичкиот комитет за труд,
проф. д-р **Тито Беличанец**, с. р.

603.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 127 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА ПРЕВЕДЕН УЧЕБНИК ВО СРЕДНОТО НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се одобрува употреба на учебникот Технологија на графичките материјали за III година — графичка струка од авторите д-р Милан Брекиќ, дипл. инж. Дивна Травиќ и д-р Ристо Трајковиќ, издаден од Заводот за учебници и наставни средства — Белград, а во превод на РО „Просветно дело“ — Скопје.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ — Скопје и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 03-148/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

604.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 127 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА ПРЕВЕДЕН УЧЕБНИК ВО СРЕДНОТО НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се одобрува употреба на учебникот Технологија на графичките материјали за IV година — графичка струка од авторите Слободан Јовановиќ и Ѓуро Косановиќ, издаден од Заводот за учебници и наставни средства — Белград, а во превод на РО „Просветно дело“ — Скопје.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ — Скопје и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 03-147/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Републички педагошки совет
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

605.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ РАБОТНИ ЛИСТОВИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА II ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Работни листови по македонски јазик за II одделение од авторите Војо Велјановски и Даринка Јанушева, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-126/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

606.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ РАБОТНИ ЛИСТОВИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Работни листови по македонски јазик за III одделение од авторите Олга Синадиновска и Митко Синадиновски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-127/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф д-р **Томе Саздов**, с. р.

607.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ РАБОТНИ ЛИСТОВИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Работни листови по македонски јазик за IV одделение од авторите Олга Синадиновска и Митко Синадиновски во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-128/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

608.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО МАТЕМАТИКА ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Збирка задачи по математика за IV одделение од авторите Роберт Ансаров и Душко Ачовски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-129/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

609.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ГЕОГРАФИЈА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Географија за VI одделение од авторите Апостол Апостолов и м-р Драги Ставревски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-130/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

610.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ТЕХНОЛОГИЈА НА АПРЕТУРА ЗА III ГОДИНА — ТЕКСТИЛНА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Технологија на апретура за III година — текстилна струка од авторот д-р Слободанка Илиевска, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-118/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

611.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ СОЛФЕЖ — II ДЕЛ

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Солфеж — II дел од авторите Благоја Цанев и Надежда Мишченко — Бодеб, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр 03-119/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

612.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ОСНОВИ НА КОЗМЕТИЧКО-ФРИЗЕРСКО РАБОТЕЊЕ

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Основи на козметичко-фризерско работење од авторите Киро Петров и Ратка Јаневска во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-120/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

613.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА — СТАТИКА ЗА III ГОДИНА НА ГРАДЕЖНИТЕ УЧИЛИШТА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Техничка механика — статика за III година на градежните училишта од авторот инж. Бела Дулиќ, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-121/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

614.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МУЗЕОЛОГИЈА ЗА IV ГОДИНА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Музеологија за IV година на средното образование од авторот д-р Душан Константинов, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-122/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

615.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ СТАРОГРЧКИ ЈАЗИК ЗА III ГОДИНА КУЛТУРОЛОШКА НАСОКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Старогрчки јазик за III година на културолошка насока од авторот Елена Чушкова, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-123/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

616.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ДРВНИ КОНСТРУКЦИИ ЗА III СТЕПЕН НА ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Дрвни конструкции за III степен на дрвопреработувачка струка од авторот д-р Јосиф Димески, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-124/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

617.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МАШИНИ И ОБРАБОТКА НА МЕТАЛИТЕ ЗА IV СТЕПЕН НА МЕТАЛСКО-МАШИНСКА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Машини и обработка на металите за IV степен на металско-машинска струка од авторите д-р Срезо Трајковски и д-р Јован Лазаров, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-125/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов**, с. р.

618.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа одржана на 11 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) членовите 49 став 2, 50 и 51 од Правилникот за утврдување на основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците во Работната заедница на Органот на управата при Собранието на општина Дебар, бр. 03-2951/79, донесен со референдум на 10 септември 1979 година, и

б) Одлуката за зголемување на личните доходи на работниците кои се три години пред исполнување на условите за остварување лична пензија во Одделението за финансии при Собранието на општина Дебар бр. 03-137/1, донесена од Работната заедница на 23 август 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означениот орган на управата на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со Решение У. бр. 109/86 од 17 декември 1986 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членовите 49 став 2 и 50 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што со овие одредби личниот доход на работниците во Одделението за народна одбрана при Собранието на општина Дебар им се зголемува за 20%, како посебен додаток, само по основ на тековен, а не и по основ на минат труд.

Исто така, Уставниот суд на Македонија, по сопствена иницијатива, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука затоа што со неа се утврдува на работниците кои се три години пред исполнување на условите за остварување лична пензија, личните доходи за секоја година (од последните три години) да им се зголемуваат за по 10%, поради што се постави прашањето за нејзината согласност со уставното начело на распределба според трудот.

Општествениот правобранител на самоуправувањето на општина Дебар, пак, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 51 од означениот Правилник, затоа што со тој член е утврдено на работникот кој се наоѓа три години пред пензија, аконтацијата на личниот доход по сите основи и мерила (вклучувајќи го минатиот труд и посебните додатоци) за тие преостанати три години да му се зголемува за 10%, поради што се постави прашањето за неговата согласност со уставното начело на распределба според трудот, а поведе постапка и за оценување законитоста и на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што е донесена во постапка спротивно на член 463 од Законот за здружениот труд.

4. Судот на седницата и на јавната расправа утврди дека со член 49 став 2 од оспорениот Правилник е определено, основот извршени работи и работни задачи на работниците во Одделението за народна одбрана при Собранието на општина Дебар, да им се зголемува за 20% како посебен додаток, согласно член 356 од Законот за општонародна одбрана, а пак со член 50 од истиот Правилник, Судот утврди дека бодовите пресметани за минат труд не се земаат како основ за зголемувањето утврдено во претходниот член. Понатаму, Судот утврди дека со член 51 од оспорениот Правилник е предвидено на работникот кој се наоѓа три години пред пензија, аконтацијата на личниот доход по сите основи и мерила за тие преостанати три години, да му се зголемува за секоја година по 10%. На работникот, пак, на кој како основ за пензија му се зема висината на личниот доход за една година, зголемувањето од 10% му следува за една година, односно последната година пред пензионирањето. На крајот, Судот утврди дека оспорената Одлука бр. 03-137/I, е донесена од Собирот на работниците на Работната заедница во Одделението за финансии при Собранието на општина Дебар, на 23 август 1984 година и дека со неа се утврдува, на работниците кои се три години пред исполнување на условите за остварување лична пензија, зголемување на личните доходи за секоја година (од последните три години) за по 10%, независно од резултатите на трудот.

5. Согласно начелото на распределба според трудот утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија и член 126 став 1 од Законот за здружениот труд, на секој работник му припаѓа од доходот личен доход според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот.

Според член 356 став 1 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ“ бр. 26/84), на работниците во органите на управата за народна одбрана, поради природата и карактерот на работата и задачите што ги вршат, посебните должности и одговорности, утврдени со овој закон, како и поради вршењето на работата подолго од 42 часа, во неделата, во државни празници, работа ноќе, дежурство, вежби, обучување. смотри и проверка на подготовките за општонародна одбрана (посебни услови за работа), им се зголемува личниот доход за 20% во однос на личниот доход на работниците со ист степен и стручна подготовка во органите на управата.

Со оглед на тоа што со член 49 став 2 и член 50 од означениот Правилник, личните доходи на работниците во Одделението за народна одбрана им се зголемуваат за 20% само по основ на тековен труд (односно по основ извршени работи и работни задачи), а не и по основ на минат труд, како и со оглед на тоа што со член 51 од истиот Правилник се зголемува аконтацијата на личниот доход во последните три години пред пензионирањето, независно од вложениот труд и постигнатите резултати, Судот утврди дека тие одредби не се во согласност со начелото на распределба според трудот утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија, дека се во спротивност со член 126 став 1 од Законот за здружениот труд, и дека не се во согласност со член 356 од Законот за општонародна одбрана.

6. Според член 463 од Законот за здружениот труд, работниците со референдум, покрај другото, одлучуваат и за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Со оглед на тоа што оспорената Одлука бр. 03-137/1 е донесена на Собир на работниците во Работната заедница, како и со оглед на тоа што со неа се зголемува аконтацијата на личниот доход во последните три години пред пензионирањето, независно од вложениот труд и постигнатите резултати, Судот утврди дека означената Одлука не е во согласност со начелото на распределба според трудот утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија и дека е во спротивност со член 126 став 1 и член 463 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 109/86
11 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

619.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 17 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ член 11, член 20 став 1 алинеја 7, член 20 став 2 и член 23 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во Електромашинскиот училишен центар „Коле Нехтенин“ во Штип, донесен со референдум на 26 февруари 1985 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Училишниот центар на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 263/86 од 22 април 1987 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на наведените одредби од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што се постави прашањето за согласноста на оспорените одредби со Уставот на СР Македонија и со Законот за станбени односи и за спротивноста со Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди:

а) во член 11 од правилникот е предвидено дека право на добивање на станови и станбени кредити ќе имаат работниците кои имаат најмалку 3 години работен стаж во Центарот.

Според член 173 став 1 и 3 од Законот за здружениот труд, правата, обврските и одговорностите работникот во работниот однос ги остварува од денот на засновувањето на тој однос, односно од денот кога започнал да работи. Според тоа, работникот има право да учествува во распределбата на станови од денот кога го засновал работниот однос, независно од тоа каде засновал работен однос.

Со оглед на тоа што со член 11 од Правилникот правото за добивање стан на користење е условено со три години работен стаж во Центарот и со тоа ги става во нееднаква положба работниците кои имат помал работен стаж или стаж стекнат вон основната организација, Судот утврди дека оваа одредба не е во согласност со уставното начело на еднаквост утврдено во Одел II став 3 алинеја 9 од Уставот на СР Македонија и е во спротивност со член 173 став 1 и 3 од Законот за здружениот труд.

б) во член 20 став 1 алинеја 7 од Правилникот е предвиден и вреднуван подосновот покажани особени резултати во унапредувањето на самоуправувањето и работата на општествено-политичките организации

Од членовите 15, 16 и 17 од Уставот на СР Македонија и од член 13 од Законот за здружениот труд, произлегува дека при уредувањето на основите и условите за стекнување на определени права, во рамките на уредувањето на меѓусебните односи во работата, треба да се тргне од тоа дека тие мора да се засновуваат на трудот на работникот што тој го дал во остварувањето на правото на работа со општествени средства. Овој принцип е и основа при уредувањето на односите во утврдувањето редот на

првенство по основ придонес во работата при распределба на станови на користење, како дел од односите што настануваат при распределбата на средствата за заедничка потрошувачка.

Со оглед на тоа што во член 20 став 1 алинеја 7 од Правилникот како елемент на основот придонес во работата е предвидено унапредувањето на самоуправувањето и работата во општествено-политичките организации, Судот утврди дека тој не е во согласност со означените уставни и законски одредби.

в) во член 20 став 2 од Правилникот, е предвидено ако резултатите од трудот на работниците не можат да се мерат според член 20 став 1, советот на Училишниот центар ги оценува резултатите на тие работници со оценките „добар", „се истакнува" или „особено се истакнува".

Согласно член 463 од Законот за здружениот труд и член 42 став 2 од Законот за станбени односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73, 14/75 и 27/86), условите и начинот на давање станови на користење се уредуваат со самоуправен општ акт што работниците во основната организација го донесуваат со референдум Поаѓајќи од правото работниците самоуправно да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка, како еден од основите може да се предвиди и работниот придонес. Меѓутоа, при утврдувањето на овој основ и на мерилата по него неопходно е во самоуправниот општ акт да се утврдат и објективизирани критериуми за негово изразување односно вреднување. Со оглед на тоа што во означената одредба нема објективизирани критериуми за утврдување на придонесот на работникот, Судот утврди дека таа не е во согласност со означените законски одредби.

г) во член 23 од оспорениот правилник по основот остварен месечен приход по член на семејството се предвидени поголем број бодови отколку по основот станбени услови.

Судот утврди дека овој член од Правилникот не е во согласност со уставното начело за заемност и солидарност затоа што иако основот приходи по член на семејството и основот станбена загрозеност се елементи кои ја изразуваат социјално-економската положба на работникот, заради изразување на означеното начело, доминантно влијание при утврдување редот на првенството за доделување станови треба да има станбената загрозеност на работникот.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 263/86
17 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

620.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 24 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ член 34 и член 35 алинеја 3, 4 и 5 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во Фабриката за масло „Благој Ѓорев" во Титов Велес, донесен од работниците со референдум одржан на 20 ноември 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената фабрика на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. На седницата Судот утврди дека во член 34, став 1 од Правилникот, работниот придонес на работникот се оценува со: се истакнува, задоволува и не задоволува во работата. Според став 2 од овој член, мислење по овој основ дава комисија од 5 члена формирана од Работничкиот совет на Работната организација, по барање на комисијата за станбени прашања. Во член 35, исто така, во рамките на основот работен придонес, се предвидени, меѓу другите, основите учество на сојузни работни акции и крводарителство, за кои е предвиден одреден број бодови.

Согласно член 463 од Законот за здружениот труд и член 42 став 2 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73, 14/75 и 27/86), условите и начинот на давање на станови на користење се уредуваат со самоуправен општ акт што работниците во основната организација го донесуваат со референдум.

Поаѓајќи од правото на работниците самоуправно да ги уредуваат основите и мерилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка, како еден од основите може да се предвиди и работниот придонес, со тоа што овој основ да нема доминантно влијание во однос на основите преку кои се изразува социјално-економската положба на работникот заради обезбедување на остварувањето на начелото на заемност и солидарност при распределбата на средствата за заедничка потрошувачка. Меѓутоа, при утврдувањето на овој основ и на мерилата по него, неопходно е во самоуправниот општ акт да се утврдат и објективизирани критериуми за вреднување на работниот придонес.

Со оглед на тоа што во член 34 од оспорениот Правилник не се предвидени објективизирани мерила за утврдување на работниот придонес Судот смета дека означениот член не е во согласност со начелото на распределба според трудот во поглед на утврдувањето на работниот придонес како основ за распределба на становите утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија и во член 126 став 1 од Законот за здружениот труд, па според тоа не може да биде основ за распределба на станови на користење.

Според член 15 и член 16 од Уставот на СР Македонија и член 13 од Законот за здружениот труд, остварувајќи го правото на работа со општествени средства, работниците во основната организација на здружениот труд и во сите други облици на здружување на трудот и средствата, заедно и рамноправно со другите работници, меѓу другото, одлучуваат за распределба на средствата за лична и заедничка потрошувачка.

Од наведените одредби произлегува дека при уредувањето на односите во утврдувањето на редот на првенство при распределба на станови на користење, основот работен придонес во себе го опфаќа трудот вложен во остварувањето на правото на работа со општествени средства во здружениот труд, а не и трудот вложен во рамките на општествените и другите активности на работниците, како што е учеството во работни акции и крводарителството.

Со оглед на тоа што во член 35 од оспорениот правилник, како елемент на основот придонес во работата, се предвидени учеството на сојузни младински работни акции и крводарителството, Судот утврди дека тој не е во согласност со член 15 и 16 од Уставот на СР Македонија, и е во спротивност со член 13 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 43/87
24 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

202.

Врз основа на член 139 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и точка 35 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 20/85, 40/86), Собранието на СР Македонија, Претседателството на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија и Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија (учесници), склучуваат

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И НА ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ФУНКЦИИ, НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКАТА

1. Во Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, на функционерите и раководните работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 16/86 и 40/86), во делот II зборовите: „лични доходи“ се заменуваат со зборовите: „бруто лични доходи“.

Во називот пред точка 8 зборовите: „лични доходи“, се заменуваат со зборовите: „бруто лични доходи“.

2. Во точката 7, зборовите: „Средствата за лични доходи“, се заменуваат со зборовите: „Средствата за бруто лични доходи“.

3. По точката 7, се додаваат две нови точки „7-а“ и „7-б“ кои гласат:

„7-а

Во вкупните средства за бруто лични доходи на функционерите и раководните работници се обезбедуваат средства за чисти лични доходи по основ на тековен труд и по основ на управување со општествените средства (во натамошниот текст дел на личниот доход по основ на минат труд) и за надоместоци за лични доходи по овие основи, како и за придонесите за задоволување на заедничките потреби кои се плаќаат од бруто личните доходи во согласност со Законот, како и за непосредна заедничка потрошувачка.

Усогласувањето на вкупните средства за лични доходи се врши по секоја периодична пресметка и по завршната сметка.

7-б

Средствата за лични доходи по основ на тековен труд се утврдуваат почнувајќи од значењето на работите и задачите кои ја сочинуваат содржината на функцијата, бројот на извршителите и од просечниот бруто личен доход на работниците, по основ на тековниот труд остварен во стопанството на Републиката во претходниот периодичен пресметковен период — тромесечје

Средствата за лични доходи по основ на минат труд во вкупните средства за лични доходи се утврдуваат по периодична пресметка, односно завршна сметка врз основа на просечното учество на овие средства во вкупните средства за бруто лични доходи на работниците во стопанството во Републиката во претходниот периодичен пресметковен период — тромесечно“.

4. Во точка 8 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

— „планираниот и остварениот бруто личен доход по работник во стопанството на Републиката“.

5. Во точка 17 зборовите: „лични доходи“ се заменуваат со зборовите „бруто лични доходи“.

Ставот 2 се брише.

6. Во точка 19 став 1 се менува и гласи:

„На функционерот и раководниот работник му припаѓа бруто личен доход кој се утврдува според придонесот што функционерот односно раководниот работник го дал со својот тековен труд (дел на личниот доход по основ на тековен труд) и по основ на управување на општествените средства (дел на личниот доход по основ на минат труд, зависно од резултатите во работата на органот во кој функционерот, односно раководниот работник ги врши работите и задачите што се содржина на функцијата“.

7. Во точка 20 став 1, на крајот точката се брише и се додаваат зборовите: „и работното искуство“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Работното искуство на функционерот и раководниот работник се вреднува така што месечната аконтација на личниот доход по основ на тековен труд се зголемува за 0,5% за секоја навршена година на пензиски стаж во рамките на вкупните средства за лични доходи по другите основи на тековен труд, а најмногу до 20%“.

Ставот 2 станува став 3.

8. Точката 21 се менува и гласи:

„Личниот доход на функционерот и раководниот работник по основ на минат труд во рамките на вкупните средства за лични доходи по овој основ се утврдува врз основа на придонесот што функционерот го дал во извршувањето на работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот во кој ја врши функцијата неговиот остварен личен доход по основ на тековен труд, како и другите мерки утврдени со општиот акт на органот“.

9. Точка 22 се брише

10. Точка 23 се менува и гласи:

„Личниот доход на функционерот и раководниот работник по основ на тековен труд се исплатува во текот на годината како месечна аконтација и се усогласува со остварениот бруто личен доход по основ на тековен труд на работниците во стопанството на Републиката во претходниот месец (претходниот периодичен пресметковен период — тромесечно), врз основа на податоците добиени од Републичкиот завод за статистика

Привремената и конечната пресметка на личниот доход по основ на тековен труд се утврдува по секој периодичен пресметковен период — тромесечно и по завршната сметка.

Личниот доход на функционерот и раководниот работник по основ на минат труд се исплатува по периодичната пресметка и завршната сметка во согласност со основите и мерилата од точка 7-б став 2 и точка 21 на овој договор, а врз основа на податоците на Службата на општественото книговодство во СР Македонија за остварениот личен доход по основ на минат труд на работниците во стопанството на Републиката за претходниот периодичен пресметковен период — тромесечно“.

11. Во точка 27 потточка 1) став 1 се менува и гласи:

„Дневницата за службено патување во земјата без трошоците за ноќевање се утврдува во висина до 8% од просечниот личен доход по работник во стопанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија исплатен во претходниот периодичен пресметковен период, со тоа што трошоците за ноќевање се признаваат во полн износ врз основа на приложената сметка, со исклучок на хотел „де лукс“ категорија“.

Во потточката 2) зборовите: „до износот кој за еден поминат километар не може да биде поголем од 15% од продажната цена за 1 литар бензин“ се заменуваат со зборовите: „до 30% од продажната цена на 1 литар гориво за возилото што се користи по поминат километар“.

Во потточката 3) зборовите: „до 80% од просечниот личен доход по работник, остварен во стопанството во претходната година на подрачјето на општината, односно градот во кој се вршат работите и работните задачи“ се заменуваат со зборовите: „до 70% од просечниот месечен личен доход по работник, исплатен по претходниот периодичен пресметковен период во стопанството на Републиката“.

Во потточката 5) зборовите: „до 60% од остварениот личен доход на работниците во стопанството на СР Македонија во претходната година“ се заменуваат со зборовите: „да не изнесува во просек повеќе од 60% од просечниот месечен чист личен доход на работниците исплатен во стопанството на СР Македонија или СФРЈ во претходната година и во тој износ да се засметува и регресирањето на цените на пансионите и цените на одморалиштата“.

Во потточката 8) зборовите: „три просечни лични доходи на носителот на функцијата и раководниот работник остварени во претходното полугодие“ се заменуваат со зборовите: „до висината на три кратен износ на просечниот месечен чист личен доход по работник во стопанството на Републиката или СФРЈ исплатен по претходната периодична пресметка, односно завршна сметка“.

12. Учесниците на овој општествен договор се согласни најдоцна до 1 јули 1987 година да ги усогласат своите општи акти со овој општествен договор.

13. Општествениот договор се смета за склучен кога ќе го потпишат овластените претставници на сите учесници на Договорот.

14. Овој општествен договор ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Потписници:

Собранието на СРМ,

Претседателството на СРМ,

Извршниот совет на Собранието на СРМ,

Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија,

Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија,

Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народно-ослободителната војна на Македонија,

Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ДЕБАР

203.

Врз основа на член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 43/85) и член 160 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Дебар, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Дебар, на седницата одржана на 17 април 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ДЕБАР

Член 1

Во Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, донесен на седницата на Собранието на СИЗ за здравствена заштита — Дебар, под број 01-2526 од 24. 12. 1984 година, се вршат измени и дополнувања.

Член 2

Членот 55 се менува и гласи:

„Основицата за надоместокот на личниот доход на корисниците работници за време на привремена спреченост за работа ја сочинува просечната аконтација на личниот доход остварен во последните три месеци пред настапувањето на случајот поради кој се стекнува со право на надоместок, а на корисниците работни луѓе, износот на личниот доход што е утврден како основица за плаќање на придонесот за здравствена заштита во тековната година.

Ако корисникот во последните три месеци не остварил личен доход, односно не му е утврдена основицата за плаќање на средства на здравствена заштита, основицата за надоместок на личниот доход ќе му се утврди од аконтацијата на личниот доход утврден со самоуправен општ акт на самоуправната организација или заедница во која е вработен односно од аконтацијата на основицата според која плаќа средства за здравствена заштита.

Како личен доход кој се зема за утврдување на основицата на надоместокот на личниот доход се смета личниот доход кој според прописите на пензиското и инвалидското осигурување служи за утврдување на пензиската основица“.

Член 3

Членот 56 се менува и гласи:

„Ако привремената спреченост или отсутност од работа трае подолго од 6 месеци основицата за надоместокот на личниот доход се усогласува со порастот на личниот доход во организацијата во тековната година во однос на личниот доход остварен во тримесечниот период кој е земен при утврдување на надоместокот на личниот доход, односно со порастот на основицата за плаќањето на средствата за здравствена заштита, а ако престанал работниот однос, односно вршењето на самостојна дејност основицата на надоместокот на личниот доход се усогласува со просечниот пораст на личниот доход во општината во тековната година“.

Член 4

Во членот 59 став 1 последен ред зборот „претходна“ се заменува со зборот „тековната година“.

Став 2 од членот 59 се брише.

Член 5

Во членот 60 став 1 се менува и гласи:

„На корисници — работници вработени кај приватните работодатели кои се на боледување подолго од 6 месеци, основицата за надоместокот на личниот доход се усогласува со порастот на основицата за плаќање на средства за здравствена заштита, за тековната година“.

Член 6

Во членот 107 став 1 зборовите по двете точки се заменуваат со зборовите: „лекар — поединец, лекарска комисија на здравствената организација која спроведува примарна здравствена заштита, лекарската комисија на заедницата и комисија на лекари — вештаци“.

Став 2 од членот 107 се менува и гласи:

„Оценка за привремена спреченост за работа за првите 15 дена дава лекар — поединец што го избрал корисникот, од 16 до 30 дена дава лекарската комисија на здравствената организација која спроведува примарна здравствена заштита, а над 30 дена лекарската комисија на заедницата".

Член 7

Во член 108 вториот ред бројот 30 се заменува со 15. Во истиот став на крајот точката станува запирка се додаваат зборовите „на здравствена организација".

Член 8

Во член 109 став 1 се менува и гласи:

„Ако корисникот не е задоволен со оценката што ја дал лекарот поединец односно лекарската комисија на здравствената организација која спроведува примарна здравствена заштита, може да изјави приговор до лекарската комисија на заедницата".

Член 9

Во член 174 став 2 се менува и гласи:

„Претседателот на Собранието и неговиот заменик се избираат за време од две години со право на повторен избор за уште две години".

Член 10

Членот 92 се менува и гласи:

„Конкурсната комисија се состои од 8 члена и тоа: претседател и 7 членови.

Претседателот на конкурсната комисија го избира Собранието за време од 4 години, и тоа претседателот и еден член се избира од редот на делегатите на Собранието, два члена делегирани од вработените во стручната служба на заедницата, два члена Собранието на општината и два члена Општинскиот Сојуз на синдикатите од редот на нивните делегати".

Член 11

Членот 212 се менува и гласи:

„За секретар може да биде избрано лице со завршен правен, економски или медицински факултет со 4 години работно искуство на раководни места, или виша економска школа, виша управна школа или виша школа за социјални работници, со работно искуство од 6 години на раководни места, да се истакнуваат со организаторски и стручни способности и да поседуваат морално и политички квалитети.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-2526/2
17 април 1987 година
Дебар

Претседател,
Ристо Јовановски, с. р.

204.

Врз основа на член 85 и 160 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Дебар и член 77 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Дебар, на седницата одржана на 17 април 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВИСИНАТА НА ПОГРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНАТА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ОД РАБОТНИЧКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА СИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ДЕБАР

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот, условите и начинот на остварување на правото на погребни трошоци и посмртна помош во случај на смрт на осигуреник и осигурено лице.

Член 2

Надоместокот на трошоците за погреб се утврдуваат во износ и тоа:

— 12.450 динари, во случај на смрт на осигурено лице до едногодишна возраст;

— 19.000 динари, во случај на смрт на осигурено лице од една до седум години возраст;

— 27.300 динари, во случај на смрт на осигурено лице над седум години до петнаесет години возраст;

— 35.400 динари, во случај на смрт на осигуреник или осигурено лице над петнаесет годишна возраст.

Член 3

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицето кое го извршило погребот на осигуреното лице или осигуреникот врз основа на извод на умрените, изјава за извршен закоп и здравствената легитимација на умрениот.

Член 4

На членовите на семејството на умрениот осигуреник им припаѓа посмртна помош во висина на едномесечен износ од основата на надоместокот на личен доход, односно последната пензија, материјалното обезбедување или привремениот надоместок.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1987 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 03-2342
17 април 1987 година
Дебар

Претседател,
Ристо Јовановски, с. р.

205.

Врз основа на член 80 и 160 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Дебар и член 77 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Дебар, на седницата одржана на 17 април 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД РАБОТНИЧКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определува начинот на употреба на превоз, надомест на патни трошоци, висината на надоместокот за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на правата од здравствената заштита на осигурениците од работничкото осигурување, упатени од надлежен лекар на здравствената служба надвор од местото на живеење на осигуреното лице.

Член 2

Надоместокот за трошоците за превоз на осигурените лица од работничкото осигурување, се исплатува во висина на јавниот сообраќај.

Надоместок на трошоците за превоз припаѓа и на осигурените лица кога поради итноста на случајот или здравствената состојба на осигуреникот е по налог на надлежниот лекар или здравствена служба, превозот е извршен со друго превозно средство.

Кога превозот во случај на претходниот став е извршен без претходен налог од лекар или здравствена служба, оправданоста дополнително се цени од страна на лекарската комисија.

Член 3

Надоместокот за трошоците за превоз се определува според најкусата релација во јавниот сообраќај и тоа:

— во случај на патување со железница — II класа на патнички воз;

— во речниот и поморскиот сообраќај — II класа на пловен објект;

— кога превозот се врши со автобус — полна цена на возниот билет;

— кога на иста релација има железнички, бродски и автобуски сообраќај, трошоците за патување се признаваат по најниската тарифа на превозот.

Член 4

Ако осигуреното лице, врз основа на посебни прописи има право на бесплатен превоз, не му припаѓаат трошоци за превоз.

Член 5

На осигурените лица кои користат право на здравствена заштита спротивно на одредбите на законот и општите акти на заедницата, не им следува право по основ на оваа одлука.

Член 6

Налогот односно упатот за патување во друго место поради користење на здравствена заштита има важност само за едно патување. Доколку лекарот специјалист кого осигуреното лице му е упатено, најде дека е потребно испитување кај друг специјалист, упатот важи за сите останати прегледи.

Кога осигуреното лице, во смисла на претходниот став, е упатено односно преземено на амбулантно-специјалистичко испитување и лекување, патниот налог — упатот важи за цело време додека трае испитувањето односно лекувањето

Член 7

Надоместокот за исхрана и сместување за време на патувањето во друго место на осигурениците и осигурените лица им припаѓа:

— во Струга и Охрид 800,00 динари
— за подрачјето на Републиката 1000,00 „
— за Скопје 1000,00 „
— надвор од СРМ во друга република и покраина 1200,00 динари.

За осигуреници и корисници на здравствена заштита до 15 годишна возраст надоместокот за исхрана и сместување од претходниот став се намалува за 50%.

Надоместокот за исхрана и сместување припаѓа во полн износ ако патувањето и престојот во друго место заедно со патувањето траеле повеќе од 12 часа, а помалку од 24 часа, а ако не е користено ноќевање износот се намалува за 30%. За патување кое траело повеќе од 8 часа до 12 часа износот на надоместокот се намалува за 50%.

Член 8

Барањето за надоместок на трошоци за превоз, исхрана и сместување, стасува наредниот ден по завршувањето на лекувањето, испитувањето односно извршеното патување

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Дебар, а ќе се применува од 1 мај 1987 година, а истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 03-234/2
17 април 1987 година
Дебар

Претседател,
Ристо Јовановски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

206.

Врз основа на член 42 став 1 точка Д од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), член 89, 90, 91 и 207 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ" број 8/85), Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници на Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата одржана на 24 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето правото на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигурено лице на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово.

Член 2

Во случај на смрт на член на семејството на осигуреникот — работник или лице што врши самостојна професионална дејност, му припаѓа надоместок на трошоци за закоп во висина од:

— 30.000 динари за член на семејство од 1—15 години и
— 40.000 динари за член на семејство постар од 15 години.

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на семејството кои ги издржувал до денот на смртта им припаѓа:

— посмртна помош во висина на просекот на личниот доход од претходната година, односно на пензијата примена од последниот месец.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп припаѓа на секој кој ќе изврши закоп на умрено осигурено лице, а врз основа на извод од матичната книга на умрените, здравствена легитимација на покојниот и изјава дека тие ги сносиле трошоците за закоп.

Надоместокот на трошоците за закоп припаѓа и во случај на смрт на осигуреникот или член на семејството на осигуреникот, ако смртта настанала во рок од 30 дена од денот на престанокот на својството на работник во здружениот труд или друга дејност, односно престанок на својството осигуреник.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци за осигурено лице умрено и закопано во место на постојаното живеење, се определува и исплатува во висина на надоместокот определен според местото на закопот, ако тоа за корисникот е поповолно.

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено за време на престој во странство се определува во висина на неопходно потребните трошоци за закоп во земјата во која осигуреното лице умрело.

Висината на неопходните трошоци за закоп од претходниот став ја оценува Стручната служба на Заедницата, земајќи го предвид прибавеното мислење за тоа од дипломатско-конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја.

Член 5

Во случај на смрт на осигурено лице надвор од подрачјето на Заедницата, трошоците за превоз на умрениот ќе се надоместат во висина од 50% од направените трошоци. Трошоците ќе се признаваат врз основа на приложените сметки по тарифа на железницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1987 година.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместок на трошоците за закон на осигурено лице и посмртна помош, број 0805-827/7 од 3 октомври 1986 година („Службен весник на СРМ" бр. 38/86).

Бр. 0805-635/7
24 јуни 1987 година
Тетово

Претседател,
Даут Изахири, с. р.

207.

Врз основа на член 42 став 1 точка 8 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), членовите 81—86 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ" број 8/85), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата на Собранието на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услугите, одржана на 24 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита што им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата, а во случаите кога користат здравствена заштита на начин пропишан со Закон, Статутот и со Правилникот за начинот на остварувањето на здравствената заштита.

Член 2

Висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита на осигурените лица изнесува:

— во рамките на подрачјето на Заедницата, само трошоци околу превозот,

— 1.000 дин.во СРМ — паушално и

— 2.000 дин. вон СРМ.

Надоместокот од претходниот став алинеја 2 изнесува:

— 100% од утврдениот износ за патување и престој кое не е пократко од 12 или подолго од 24 часа.

— 50% од утврдениот износ за патување и престој од 8—12 часа.

За патување и престој до 8 часа не следува надоместок.

За деца од 4—10 години возраст надоместокот ќе се исплатува во висина од 50% од износот определен во став 1 на овој член.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се признава во висина на трошоците за патување по најкратката релација и по основната тарифа на редовните средства за превоз во јавниот сообраќај.

Во зависност од здравствената состојба на осигуреното лице, должината на патувањето и други околности, лекарската комисија може да одреди и поинаков начин на превоз.

Превоз со кола за итна помош може да се одобри само во случај кога превозот со други средства не е возможен со оглед на итноста на случајот и здравствената состојба на осигуреникот.

Член 4

Осигурените лица имат право на надоместок на трошоци за превоз и кога превозот е извршен поради прием испраќање или преместување од една во друга организација на здружен труд, со констатација на лекарот или здравствената организација на здружен труд дека превозот на осигуреникот е медицински индициран.

Одредбите од ставот 1 на овој член се применуваат и кога осигуреникот односно осигуреното лице на кое здравствената заштита му се обезбедува во странство во смисла на одредбите на Статутот на Заедницата, се превезува од странство, со тоа што мислење за потребата од таков превоз дава лекарската комисија или установата во која осигуреното лице се лекува.

Член 5

Надоместокот на патните трошоци му припаѓа и на придружникот на осигуреното лице ако по оценка на лекарот — поединец, лекарската комисија или здравствената организација на здружен труд се утврди дека на осигуреното лице упатено на лекување или лекарски преглед во друго место му е потребен придружник за време на патувањето и престојот.

Ако на лекување или лекарски преглед се упатуваат во друго место деца на осигуреникот или дете кое осигуреникот го зел на издржување, се смета дека придружникот е потребен ако детето е помладо од 15 години, доколку не е обезбеден стручен придружник.

Член 6

Ако осигуреникот по посебни прописи има право на бесплатно возење при користење на превозни средства во јавниот сообраќај, не му припаѓа надоместок на трошоците за превоз.

Член 7

На осигуреното лице кое користи здравствена заштита спротивно на одредбите на Статутот и на Правилникот за начинот на користење на здравствена заштита, не му припаѓа надоместок на патните трошоци и трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица.

Член 8

Аванс може да се исплатува во исклучителни случаи во висина од 50% од вредноста на потребните трошоци.

Член 9

При остварување здравствена заштита надвор од подрачјето на СР Македонија покрај надоместокот на трошоците за исхрана и патување, осигуреникот има право и на трошоци за ноќевање во висина од 2.000 динари само врз основа на поднесената потврда од организацијата каде ноќевал.

Член 10

Барањето за надоместок на трошоците за превоз, исхрана и сместување може да се поднесе во рок од 1 година по завршувањето на лекувањето односно патувањето.

Член 11

Со денот на донесувањето на оваа одлука и нејзиното применување, престанува да важи одлуката за превоз, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита број 0805-827/6 од 3. 10 1986 год. што е објавена во „Службен весник на СРМ" број 38/86.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1987 година.

Бр. 0805-635/6
24 јуни 1987 година
Тетово

Претседател,
Даут Изахири, с. р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Општинскиот суд Скопје I — Скопје објавува дека во спорот помеѓу тужителот Милош Наумовски од Скопје, ул. „Петар Манџуков“ бр. 69-а, и тужениот Славко Стефков од Скопје, сега на привремена работа во странство, со непозната адреса, за долг во вредност од 4.310.550 динари, под XIII П. бр. 1000/87, во смисла на член 84 став 2 точка 5 од ЗПП, му е поставен привремен старател на тужениот. За привремен старател е назначен адв. Ганчо Алексов од Скопје, кој ќе го застапува тужениот сè додека истиот или негов полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XIII. П. бр. 1000/87. (112)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ДЕБАР

Пред Општинскиот суд во Дебар е заведена вонпроцесна постапка по предлогот на Дестан Карамети од Дебар за докажување на смртта на неговата мајка Карамети Емине, порано од Дебар, за која се тврди дека умрела на 16. III. 1979 година во Дебар и дека не била заведена во матичната книга на умрените.

Се повикува секој кому што му е нешто познато за смртта на Карамети Емине да го извести овој суд во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас. По истекот на определениот рок, ќе биде поставен привремен старател и ќе продолжи постапката за докажување на смртта.

Од Општинскиот суд во Дебар, ВПП бр. 38/87.

Пред овој суд е заведен спор за утврдување на сопственост по тужбата на тужителот Апостоловски Андон од с. Д. Мелничани против тужениот Аврамовски С. Коста од Белград, со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 50.000 динари.

Се повикува тужениот Аврамовски С. Коста да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, на истиот ќе му биде определен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд во Дебар, П. бр. 245/87.

Пред Општинскиот суд во Дебар е заведена вонпроцесна постапка по предлог на Насуф Ваит од с. Новак — општина Дебар за докажување на смртта на неговиот татко Насуф Синан, порано од с. Новак, за кого се тврди дека умрел во 1984 год. во Дебар и дека не бил заведен во матичната книга на умрените.

Се повикува секој кому што му е нешто познато за смртта на Насуф Синан да го извести овој суд во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас. По истекот на определениот рок ќе биде поставен привремен старател и ќе продолжи постапката за докажување на смртта.

Од Општинскиот суд во Дебар, ВПП бр. 119/87.

РЕГИСТАР НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ

Врз основа на решението У. бр. 11-157 од 14. XI. 1986 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, под рег. бр. 79, книга II занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан „Жана“ на Дујовска Серафим Снежана, ул. „23 Август“, Берово.

Дуќанот ќе врши занаетчиска дејност од фризерскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Дујовска Серафим Снежана. (1)

Врз основа на решението У. бр. 11-3/1 од 9. I. 1986 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 36 книга II, занаетчискиот дуќан од дрвопреработувачката дејност — столарски занает на Шутевски Димитар Љупчо од с. Русиново, Берово.

Врз основа на решението У бр. 11-88/1 од 7 VII. 1986 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 46 книга II, занаетчискиот дуќан од сидаро-фасадерскиот занает на Марковски Трендафил Пантелимон од с. Стојмирово, Берово.

Врз основа на решнието У. бр. 11-127/1 од 6. IX. 1986 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, под рег. бр. 77 книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан „Дамјан Груев“ на Дунгевски Киро Никола, с. Русиново, Берово.

Дуќанот ќе врши занаетчиска, металопреработувачка дејност на авто-лимарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Дунгевски Киро Никола. (4)

Врз основа на решението У. бр. 11-129/1 од 8. IX. 1986 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, под рег. бр. 78 книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан од сидаро-фасадерскиот занает — градежна дејност, на Џамбаски Николов Бранко од с. Смојмирово, Берово.

Фирмата ќе ја потпишува Џамбаски Николов Бранко. (5)

Врз основа на решението У. бр. 11-3/1 од 8. I. 1985 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, под рег. бр. 70 книга II занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан „Златно буре“ на Стратрорски Илија Љубен од с. Русиново, Берово.

Дуќанот ќе врши дејност од бочваро-качарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Стратрорски Илија Љубен. (7)

ЛИКВИДАЦИЈА

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението Рл. бр. 8/87 од 16. VII. 1987 година ја заклучи постапката за редовна ликвидација над ликвидациониот должник ООЗТ „Кооперант“ при РО „8 Октомври“ од Крива Паланка, без отворање на постапка за спроведувањето на редовна ликвидација, бидејќи ликвидациониот должник не располага со основни и обртни средства и не покажува побарување и обврски спрема трети лица.

Против ваквата одлука доверителите можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен лист на СФРЈ“.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. (264)

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79, 46/82 и 27/86), Собранието на општината Кочани и Собранието на општината Виница

ОБЈАВУВААТ

дека ќе вршат избор на претседател на Општинскиот суд — Кочани со судско одделение во Виница

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 91 став 1 од Законот за редовните судови.

Пријавите со потребните документи се доставуваат до Комисијата за прашањата на изборот и именувањето, на Собранието на општината Кочани, во рок од 15 дена од денот на објавувањето. (263-а)

Врз основа на член 27 од Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ“ бр. 6/85 година), Собранието на општината Кочани

О Б Ј А В У В А

дека ќе врши избор на еден судија во Општинскиот суд за прекршоци — Кочани.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени со член 25 од Законот за судовите за прекршоци.

Пријавите со потребните документи се доставуваат до Комисијата за прашањата на изборот и именувањата на Собранието на општината Кочани во рок од 15 дена од денот на објавувањето. (263)

СОДРЖИНА

Страна

594. Одлука за распределување на остатокот од средствата наменети за дополнително републичко поттикнување на извозот на стоки во 1986 година — — — — — — 561

595. Одлука за изменување на Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на Републиката и на општините за 1987 година — — — — — — — — — 561

596. Одлука за висината на придонесот на „Детска недела“ во времето од 1 до 7. X. 1987 година — — — — — — — — — 561

597. Одлука за компензација на цените на учебниците за основното образование — 562

598. Одлука за трошоците на вештачењата што ги врши Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот — 562

599. Одлука за давање согласност на Одлуката за поместување на тарифите во превозот на патници во јавниот патен сообраќај — — — — — — — — — — 563

600. Одлука за образување Комисија за информационо-документационата дејност — — 563

601. Упатство за изменување на Упатството за начинот на утврдување на основицата за пресметување на обврската по основа на средствата на Фондот на Федерацијата — 563

602. Решение за определување на организации на здружениот труд кои ги исполнуваат условите за вршење на испитување и прегледи по прописите за заштитата при работа — — — — — — — — — — 564

603. Решение за одобрување употреба на преведен учебник во средното насочено образование — — — — — — — — 564

604. Решение за одобрување употреба на преведен учебник во средното насочено образование — — — — — — — — 564

605. Решение за одобрување употреба на учебникот Работни листови по македонски јазик за II одделение — — — — — — 565

606. Решение за одобрување употреба на учебникот Работни листови по македонски јазик за III одделение — — — — — 565

607. Решение за одобрување употреба на учебникот Работни листови по македонски јазик за IV одделение — — — — — 565

608. Решение за одобрување употреба на учебникот Збирка задачи по математика за IV одделение — — — — — — — 565

609. Решение за одобрување употреба на учебникот Географија за VI одделение — — 565

610. Решение за одобрување употреба на учебникот Технологија на апретура за III година — текстилна струка — — — — 566

611. Решение за одобрување употреба на учебникот Солфеж — II дел — — — — 566

612. Решение за одобрување употреба на учебникот Основи на козметичко-фризерско работење — — — — — — — — 566

613. Решение за одобрување употреба на учебникот Техничка механика — статика за III година на градежните училишта — — 566

614. Решение за одобрување употреба на учебникот Музеологија за IV година на средното образование — — — — — — — 566

615. Решение за одобрување употреба на учебникот Старогрчки јазик за III година културолошка насока — — — — — — 567

616. Решение за одобрување употреба на учебникот Дрвни конструкции за III степен на дрво преработувачка струка — — — — 567

617. Решение за одобрување употреба на учебникот Машини и обработка на металите за IV степен на металско-машинска струка 567

618. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 109/86 од 11 јуни 1987 година — 567

619. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 263/86 од 17 јуни 1987 година — 568

620. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 43/87 од 24 јуни 1987 година — 569

Општествени договори и самоуправни спогодби

202. Општествен договор за измена и дополнување на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, на функционерите и раководните работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката — — — — — — — 570

Општи акти на самоуправните интересни заедници

ДЕБАР

203. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар — — — — 571

204. Одлука за висината на погребните трошоци и посмртната помош на осигурениците и осигурените лица од работничкото осигурување за подрачјето на СИЗ за здравствена заштита — Дебар — — — 572

205. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварување на здравствена заштита од работничкото осигурување — — 572

ТЕТОВО

206. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурените лица — — — — — — 573

207. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за превоз, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварување на здравствената заштита 574

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.